У-6.бр.997/2020

УПРАВНИОТ СУД во совет составен од судиите: Марта Телегравчиска - претседател на советот, Рамије Абдурахими Цара и Ѓоко Живковски - членови на советот, со записничар Теодора Штерјева - судски соработник, во правната работа по тужбата на тужителот Трговец поединец КЕТЕРИНГ СИТИ ФУД Горан Петар Томиќ ТП Скопје, поднесена преку полномошник Андоноски Митко, адвокат од Скопје, против решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-358/6 од 15.04.2020 година, за набавка на посебни услуги за организирање на исхрана на ученици, одлучувајќи по предлогот за донесување на времена мерка, на нејавната седница на советот одржана на ден 28.05.2020 година, донесе:

# Р Е Ш Е Н И Е
## -за времена мерка -

Предлогот на тужителот Трговец поединец КЕТЕРИНГ СИТИ ФУД Горан Петар Томиќ ТП Скопје, Судот да донесе времена мерка со која се забранува склучување на Договор за доделување по јавна набавка во постапката „Набавка на услуги за организирање на исхрана на учениците на ООУ „Кузман Шапкарев“ Кисела Вода, Скопје, ООУ „Рајко Жинзифов“ Кисела Вода, Скопје и ООУ „Св.Климент Охридски“ Кисела Вода, Скопје, по Оглас бр.01/2020, се до правосилно завршување на постапката по поднесената тужба за управен спор заведена под У-6.бр.998/2020, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАН.

Барањето за надомест на трошоци по постапката, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО.

## О б р а з л о ж е н и е

Тужителот Трговец поединец КЕТЕРИНГ СИТИ ФУД Горан Петар Томиќ ТП Скопје, со тужба за управен спор поднесена преку полномошник Андоноски Митко, адвокат од Скопје, заведена во Управниот суд под У-6.бр.998/2020, ја оспорува законитоста на решението Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-358/6 од 15.04.2020 година поради, повреда на правилата на постапката, нецелоано и неправилно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право со предлог, судот тужбата да ја уважи и оспореното решение да го поништи.

Со тужбата, тужителот поднесе и Предлог за времена мерка Судот да донесе времена мерка со која се забранува склучување на Договор за доделување по јавна набавка во постапката „Набавка на услуги за организирање на исхрана на учениците на ООУ „Кузман Шапкарев“ Кисела Вода, Скопје, ООУ „Рајко Жинзифов“ Кисела Вода, Скопје и ООУ „Св.Климент Охридски“ Кисела Вода, Скопје, по Оглас бр.01/2020, се до правосилно завршување на постапката по поднесената тужба за управен спор заведена под У-6.бр.998/2020, по кој е оформен предмет во Управниот суд заведен под У-6.бр.997/2020. Во причините за донесување на предложената времена мерка тужителот наведува дека, доделувањето на јавната набавка на друг економски оператор во услови кога има нецелоано и неправилно утврдена фактичка

состојба и погрешна примена на материјалното право, ќе предизвика голема и ненадоместлива штета (понудата на тужителот изнесува 9.976.200,00 денари) која не ќе може да се поправи, поради што бара времено уредување на состојбата во однос на состојбата на спорниот правен однос на погоренаведениот начин.

Предлогот за донесување времена мерка судот го достави до тужениот орган, кој во рокот определен од судот даде одговор на предлогот за времената мерка и остана во целост кон наводите на оспореното решение, со предлог времената мерка да се одбие како неоснована. Наведе дека не се исполнети кумулативно претпоставките за издавање на времената мерка, односно со управниот акт на странката – тужителот да му биде утврдена наредбена обврска која во моментот на поведувањето на управниот спор не е извршена; тужителот во рок го повел управниот спор против управниот акт што е во идентична врска со актот кој е предмет на управниот спор; да постои уверување дека со извршувањето на управниот акт што се оспорува во управен спор на тужителот ќе му се нанесе штета која тешко би се поправила; да одлагањето на управниот акт не е спротивно на јавниот интерес ниту со одлагањето на извршувањето не би и се нанела ненадоместлива штета на спротивната страна. Укажува дека, со оглед дека тужителот со барањето за времена мерка, односно со тужбата со ниту еден доказ не ја има докажано веројатноста дека се исполнети горенаведените услови, поради што смета дека барањето за времена мерка е неосновано.

Со решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-358/6 од 15.04.2020 година на кое е се однесува предлогот за времена мерка, жалбата на жалителот „КЕТЕРИНГ СИТИ ФУД“ Скопје изјавена против Одлуката за избор на најповолна понуда бр.05-76/11 од 16.03.2020 година донесена по Огласот за јавна набавка на посебни услуги согласно член 121, 122 и 123 од Законот за јавните набавки за набавка на услуги за организирање на исхрана за учениците на ООУ „Кузман Шапкарев“ Кисела Вода, Скопје, ООУ „Рајко Жинзифов“ Кисела Вода, Скопје и ООУ „Св.Климент Охридски“ Кисела Вода, Скопје, за припрема и дистрибуција на топол оброк (доручек и ручек) на договорниот орган ОУ „Кузман Шапкарев“ н.Драчево, Скопје, се одбива поради неоснованост.

Постапувајќи по Предлогот за донесување времена мерка, судот најде дека Предлогот е неоснован, поради следното:

Согласно член 14 став 1 од Законот за управните спорови („Службен весник на Република Македонија“ бр.62/2006 и 150/2010), тужбата по правило не го спречува извршувањето на управниот акт против кој е поднесена, согласно став 2, по барање на тужителот, кога извршувањето на управниот акт би му нанела штета која тешко би можела да се поправи, а одлагањето на извршувањето не му е спротивно на јавниот интерес, ниту со одлагањето би и се нанела поголема ненадоместлива штета на спротивната странка, органот чиј акт се извршува може да го одложи извршувањето, согласно став 3, по секое барање, надлежниот орган е должен да донесе решение најдоцна во рок од 3 дена од приемот на барањето, а согласно став 4, органот од ставот 2 на овој член, може и од други причини да го одложи извршувањето на оспорениот акт до конечноста на пресудата.

Согласно член 15 став 1 од истиот закон, ако надлежниот орган што го донел управниот акт од членот 14 на овој закон, пристапи кон извршувањето на актот до донесувањето на одлуката на судот, тужителот може да бара судот да донесе времена мерка за одлагање на извршувањето на управниот акт.

Од содржината на наведените законски одредби произлегува дека услов за донесување на времена мерка за одлагање на извршување на управниот акт е надлежниот орган кој го донел управниот акт да пристапи кон извршувањето на актот до донесувањето на одлуката на судот по тужбата за управен спор, тужителот да стори веројатно дека со извршувањето на управниот акт би му се нанела штета која тешко би можела да се поправи, одлагањето на извршувањето да не му е спротивно на јавниот интерес, а со одлагањето на извршувањето не би и се нанела поголема ненадоместлива штета на спротивната странка.

Управниот суд имајќи ја во предвид изложената фактичка и правна состојба, оцени дека не се исполнети кумулативно законските претпоставки од член 15 став 1 во врска со член 14 од Законот за управните спорови за да ја донесе предложената времена мерка со која се забранува склучување на Договор за доделување по јавна набавка во постапката „Набавка на услуги за организирање на исхрана на учениците на ООУ „Кузман Шапкарев“ Кисела Вода, Скопје, ООУ „Рајко Жинзифов“ Кисела Вода, Скопје и ООУ „Св.Климент Охридски“ Кисела Вода, Скопје, по Оглас бр.01/2020, се до правосилно завршување на постапката по поднесената тужба за управен спор заведена под У-6.бр.998/2020. Ова, од причина што тужителот не стори веројатно дека со извршувањето на оспореното решение би му се нанела штета која тешко би можела да се поправи, не докажа дека одлагањето на извршувањето на оспореното решение не му е спротивно на јавниот интерес, ниту дека со одлагањето не би се нанела поголема ненадоместлива штета на спротивната страна, поради што одлучи како во изреката на ова решение.

Имајќи предвид дека согласно член 7-б од Законот за управните спорови, во управен спор странките сами ги поднесуваат трошоците што ги предизвикале со свое дејствие, барањето на тужителот судот да донесе пресуда со која ќе го задолжи тужениот орган да ги надомести трошоци во постапката за управен спор, судот го одби како неосновано.

Решено во Управниот суд на ден 28.05.2020 година, под У-6.бр.997/2020.

Записничар - судски соработник
Теодора Штерјева

Претседател на совет - Судија
Марта Телегравчиска

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение дозволена е жалба во рок од 3 дена, преку овој суд до Вишиот управен суд.

Решението да се достави до:
- тужител преку полномошник
- тужениот орган

Претседател на совет - Судија
Марта Телегравчиска

Согласно со изворникот
Судски службеник

РН /